Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС
Бр. 0307-201
28.01 20 20 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-1101/2
29.01 20 20 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: **Работодавач корисник)** и

2. **Приватна агенција за вработувања „Контакт Бизнис“ Скопје** со седиште на ул.“Антон Попов“ бр.41 А - Скопје, со ДБ:4030006612076 и ЕМБС: 6162070, жиро с-ка 210061620700127, НЛБ Тутунка банка АД Скопје, застапувана од Управителот Ирена Стојковска (во натамошниот текст на договорот: **Агенцијата)**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на услуги е:

**Привремени вработувања во општинската администрација на Општина Кочани во 2020 год.**

а заради обезбедување/отстапување на работници за вршење на привремени работи, во име и за сметка на Работодавачот - корисник, на начин и услови пропишани со одредбите од областа на привремените вработувања и човечките ресурси, на основа на Законот за работни односи и Законот за приватните агенции за вработување.

Договорот се склучува врз основа на објавен Оглас бр.00024/2020 за поедноставена отворена постапка, која се сптроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција и Одлука за избор на најповолна понуда од 22.01.2020 год.

**Член 2**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на агенцијата и работодавачот корисник кои произлегуваат од ангажирање на привремени агенциски работници за потребите на работодавачот корисник и обезбедување на побарувањата на агенцијата кои ќе произлезат од посебните договори за отстапување склучени врз основа на овој договор.

**Член 3**

Вкупната вредност за реализација на договорот утврдени во Одлуката за јавна набавка изнесува 1.000.000,00 ден без ДДВ, односно 1.180.000,00 ден. со ДДВ. Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се планирани во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма Е0, ставка 427.

Во вкупната вредност на договорот влегува висината на процентуалниот надоместок за извршената услуга за Агенцијата со ДДВ на истиот, како и платите и придонесите од плати по сите основи за сите работници.

Работодавачот - корисник нема обврска во целост да ја реализира вредноста на договорот од став 1 на овој член. Реализацијата ќе зависи од потребниот број лица, односно од бројот на отстапените работници за кои ќе се јави потреба за отстапување кај Работодавачот – корисник.

Надоместокот на провизија согласно резултатите од спроведената е-аукција изнесува **6,93 %**.

**Член 4**

Агенцијата може врз основа на овој договор да отстапи работник на Работодавачот корисник за вршење на привремени работи во случај на:

- замена на привремено отсутен работник
- привремено зголемен обем на работа
- сезонска работа
- работа на проект
- специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и
- непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник со вршење на краткотрајни вработувања.

**Член 5**

Агенцијата е должна да обезбеди/отстапи работници за вршење привремени работи/одредено време по доставено барање од Работодавачот корисник за обезбедување/отстапување на број и квалификации на работници за конкретна потреба, со времетраење на потребата, место на извршување на работата и сите други неопходни податоци заради реализација на истата, во согласност со одредбите од Законот за приватните агенции за вработување, прописите за работните односи и заштитата при работа, во рок од 1/еден/ ден по приемот на барањето.

Барањето ќе биде потпишано од одговорното лице кај Работодавачот корисник и заверено од истиот со печат. Исто така, Работодавачот корисник на Агенцијата ќе ѝ достави и одобрение-согласност за обезбедените средства за исплата на плати на отстапените работници во Буџетот на општина Кочани за 2020 год.

**Член 6**

Приватната агенција за вработување е должна:

- во рок од 1 /еден/ ден по приемот на барањето да отстапи работници за вршење привремени работи, во зависност од потребите кај Работодавачот корисник
- да ги врши услугите со Пријава/Одјава на работници во најбрз временски рок.
- пресметката за плати од ангажираните работници да ја доставува во Општина Кочани најдоцна до 2 – от ден од наредниот месец.
- личното осигурување на ангажираните работници исклучиво да биде во договор со Агенцијата и ангажираниот работник, а не на самостојна одлука на Агенцијата.
- договорите помеѓу Агенцијата и ангажираните работници, да бидат навремено доставувани до Општината, со можност за продолжување односно раскинување на договорот без последици.
- трошоци околу Пријавата односно Одјавата на работникот т.е. ППР образец, М1М2 образец, ЗОО образец паѓаат на товар на Агенцијата, а не на Општината или ангажираниот работник.
- Агенцијата по Барање (писмено, електронски или усно) од работникот или Општината за одреден вид на Потврди или документација поврзани со работниот однос на работникот да ги достави во Општина Кочани на трошок на Агенцијата.
- навремена исплата на плати за ангажираните работници.
- да потпише Договор за вработување со отстапениот работник, согласно Законот за работни односи и Законот приватните агенции за вработување.

- по пријавувањето на лицата за привремено вработување, со бараниот датум, во седиштето на Работодавачот корисник (по пошта и по e-mail), да достави примероци од М1/М2 образец, од кои Работодавачот корисник, ќе утврди дека работниците се уредно пријавени.
- самостојно да се организира за потпишување на договорите помеѓу лицата кои на барање на Работодавачот - корисник ќе бидат пријавени преку нив.
- на вработеното лице да му исплатува месечна плата во износ и време согласно договорените износи и динамика, усогласени со условите определени во тендерската документација, како и да ги подмирува сите задолжителни давачки кон надлежните институции во Република Македонија согласно важечките прописи.
- агенцијата има право повремено да се информира кај Работодавачот корисник за квалитетот на работниот ангажман и нивото на исполнување на работните обврски на привремено вработените лица.
- да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватните агенции за вработување, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган.
- на барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Кочани.

Доколку во текот на годината за која ќе биде склучен Договорот со Агенцијата за привремени вработувања, односно за 2020 година, се јави потреба за отстапување на дополнителен број работници за вршење на привремени работи, Работодавачот корисник може да побара определен број на работници од избраната Агенција согласно одредбите од Законот за јавни набавки и другите позитивни законски прописи во РСМ.

**Член 7**

Работодавачот корисник е должен:

- е должен навремено да достави барање за потреба од работник со сите потребни податоци
- да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватните агенции за вработување, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај истиот.
- редовно и во законски утврдените рокови да ѝ доставува на Агенцијата пресметка за месечната плата како и сите давачки поврзани со платата за секој вработен и тоа на основа на прописите што се применуваат кај него за утврдување на платата, додатоците на платата и надоместоците и на крај на секој месец да достави до извршителот извештај за остварени ефективни работни часови за секој отстапен агенциски работник
- на основа на изготвените пресметки, во законски утврдениот рок да ѝ исплаќа на Агенцијата плата и давачки врзани за платата за отстапените работници во износ определен од Работодавачот корисник.
- на Агенцијата да ѝ исплати надоместок за извршената услуга за отстапување на работниците за вршење на привремени работи – во висина од **6,93 %** од бруто плата на отстапен работник и ДДВ од 18 % на

провизијата, односно на висината на процентот на бруто платата за секој отстапен работник. (Висината на процентуалниот надоместок е фиксна и непроменлива по ниту еден основ за целото времетраење на договорот, а истата е утврдена согласно избраната најповолна понуда)

- одговорен е за управување и надзор над работата што ќе ја врши привремениот агенциски работник
- да обезбеди исти основни услови за работа и вработувања како и за редовно вработените работници и за отстапениот агенциски работник, просториите, опремата и средствата во и со кои привремениот агенциски работник треба да ја извршува работата и да обезбеди инструкции за извршување на работата на привремениот агенциски работник.
- со личните податоци на агенциските работници да постапува во согласност со Законот за заштита на лични податоци и во согласност со упатствата добиени од страна на Работодавачот корисник.

**Член 8**

Плаќањето ќе се врши по доставување на фактура од Агенцијата со пресметка за плати и придонеси од плата и други додатоци и надоместоци на отстапените работници, согласно одредбите од Законот за приватните агенции за вработувања и Закон за исплата на плати, а рокот е еден ден по благовремено доставување на пресметката за плата и придонеси од плата и други надоместоци на отстапените работници и уплатените средства за висината на надоместокот за услугите на агенцијата од страна на работодавачот-корисник.

Условот за рокот на исплатата на платите на отстапените работници е утврдениот рок од еден ден, сметано од денот на уплатените средства со извештај за остварени ефективни часови на отстапените работници од страна на Работодавачот-корисник и уплатените средства за висината на надоместокот за услугите на агенцијата. ДДВ на надоместокот за извршената услуга ќе биде посебно изразен.

**Член 9**

Работодавачот корисник може да го откаже договорот за вработување пред времето определено во истиот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Општина Кочани.

Доколку Работодавачот корисник не е задоволен од работата и однесувањето на отстапените работници, потребно е благовремено да ја извести Агенцијата.

Договорот за вработување, приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и привремениот агенциски работник, можат да го раскинат пред истекот на времето за коешто е склучен, во случаи утврдени со закон, со отказен рок од најмалку седум дена или друг подолг рок кој страните ќе го договорат, но не подолг од 30 дена.

Престанокот на потребата за работникот кај Работодавачот корисник пред истекот на рокот наведен во договорот не може да биде причина за раскинување на договорот ниту помеѓу Работодавачот корисник и приватната агенција за вработување, ниту меѓу приватната агенција за вработување и работникот, освен во случај на земјотрес, пожар, поплави и други елементарни непогоди.

**Член 10**

За сè што не е споменато во овој Договор, ќе се применуваат начелата на целокупното материјално и процесно право на Република С.Македонија, а пред сè Законот за приватните агенции за вработување и Законот за облигациони односи.

Евентуалните измени на некои од одредбите на овој Договор ќе бидат изразени во пишана форма преку анекс кон договорот за соработка.

За евентуален спор по овој договор ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 11**

Овој договор ќе започне со примена од 01.02.2020 год. и ќе важи до 31.01.2021 год.

**Член 12**

Овој договор е изготвен во 6 /шест/ идентични примероци, од кои 2 /два/ за Агенцијата и 4 /четири/ за Работодавачот-корисник.

| | |
|---|---|
| *Приватна агенција за вработувања,* | *Работодавач-корисник,* |
| *„Контакт Бизнис“ Скопје* | *Општина Кочани* |
| *Управител,* | *Градоначалник,* |
| ________________________ | ________________________ |
| *Ирена Стојковска* | *Николчо Илијев* |

Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки - Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на одделение за човечки ресурси – Драган Ананиев*